Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

## Извадок на дел од дневни настани 06.02.2020

На 05.02.2020 околу 13.20 часот на ул.„Мајор Чеде Филиповски“ во Гостивар, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Р.С.(56) од Гостивар, затоа што при претрес во неговиот дом и помошните простории, извршен со судска наредба, бил пронајден хероин. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок, а денеска ќе биде изведен пред судија на претходна постапка на Основниот суд Гостивар.

На 05.02.2020 во 20.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул. „Никола Карев“ го лишиле од слобода Е.К.(24) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.02.2020 во 19.30 часот, при акциска контрола во угостителски објект на крстосница од ул.„Илинденска“ и регионалниот пат за с.Брвеница, полициски службеници од Полициска станица Тетово ги лишиле од слобода К.В.(23), Н.А.(19), Ј.С.(20), А.И.(19) и Ф.К.(25), сите од Р.Косово и С.В.(18) од Р.Албанија, поради тоа што по остварениот влез не го пријавиле туристичкиот престој во законски предвидениот рок, со што постапиле спротивно на член 190 и член 218 од Законот за странци. При акцијата, исто така, биле приведена и Л.У.(34) од Кичево, затоа што се однесувала агресивно и ги навредувала полициските службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.02.2020 во 18.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул. „Кузман Јосифоски-Питу“ го привеле А.Ќ.(18) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него бил пронајден нож. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.02.2020 во 23.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Петар Чулев“ го привеле Н.С.(20) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него бил пронајден нож. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.02.2020 во Полициската станица Кочани било пријавено дека на ул. „Февруарски поход“, при изведување на градежни работи - ископ, била пронајдена неексплодирана граната калибар 82мм. Полициски службеници излегле на местото и извршиле увид, а гранатата била безбедно подигната од претставник од Дирекцијата за заштита и спасување.

На 05.02.2020 во 17.21 часот на ул.„Довлеџик“ во Битола, патничко возило „тојота корола“, со битолски регистарски ознаки, управувано од Г.М.(34) од Битола, удрило во пешакот Љ.Т.(70) од Битола. Во незгодата, Љ.Т. се здобила со тешки телесни повреди, по што била пренесена во Клиничката болница Битола за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Битола.

На 05.02.2020 во 22.20 часот на крстосница од ул.„Бледски договор“ и „Трифун Пановски“ во Скопје, патничко возило „мицубиши колт“, со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Т.(20) од Скопје, удрило во пешакот Р.Ј.(53) од Скопје. Во незгодата, Р.Ј. се здобила со тешки телесни повреди, по што била пренесена во Градската општа болница „8 Септември“ за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.02.2020 во 09.45 часот во Полициската станица Драчево, Ј.С.(65) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџиниколов“ бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Во текот на 05.02.2020 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности при што од сообраќај се исклучени: двајца возачи, затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и три возила бидејќи биле нерегистрирани. Во однос на пешаците, санкционирани се 10 пешаци. Во текот на изминатиот ден, 58 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 05.02.2020 во 07.30 часот во Полициската станица Карпош, С.П.(55) од Скопје пријавила дека на ул.„Козле“ била касната од куче скитник во пределот на десната потколеница.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против В.О.(22), Ф.М.(22), Б.Љ.(19), С.Х.(18), Е.Х.(20) и  А.И.(18), сите од Тетово, и тоа: прво, второ и третопријавениот поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „тешка кражба“ и „насилство“, додека четврто, петто и шестопријавениот поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство“. На 26.11.2019, прво, второ и третопријавениот во музичко студио во Тетово извршиле „тешка кражба“, при што го оштетиле и целокупниот инвентар. По преземени мерки, пријавените го признале делото. Истиот ден, околу 21.30 часот, додека се вршел увид, пријавените се обиделе да ги нападнат Ј.А., Е.А. и Р.Б., сопственици на студиото.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ќ.Р.(66) од с.Добридол, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница“ и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 27.05.2019 во угостителски објект во с.Добридол, гостиварско, пријавениот физички го нападнал И.Б. и му се заканил со пиштол. По преземени мерки пиштолот „црвена застава“ калибар 7,65 мм, кој го поседувал без дозвола, бил одземен од пријавениот и предаден на вештачење.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.П.(20) од Куманово и неколку непознати лица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста“. На 15.12.2019 на ул.„Тоде Думба” во Куманово, пријавениот и останатите лица со со тврди предмети ги нападнале Д.Ј., К.А., В.Т. и Л.С., а пријавениот со гасен пиштол испукал повеќе пати и го погодил Л.С..

Единицата за насилен криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против К.К.(22) и С.С.(27), двајцата од Р.Албанија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење на работи на безбедноста“. На 06.01.2020, при вршење на рутинска контрола во КПУ „Идризово“, полициски службеници додека вршеле службени дејствија, биле физички нападнати од пријавените.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Н.И.(20) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем“. Во периодот од август до декември 2019 и јануари 2020 пријавениот во пет наврати од неговиот вујко одзел платежни картички, на кои бил напишан пин кодот, и од банкомати подигнал парични средства во износ од 54.640 денари.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против Џ.А.(51) од с.Црник, пехчевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконит лов“. На 26.01.2020, полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин и Граничен надзор Делчево, во атар на с.Црник, го затекнале пријавениот како неовластено лови дивеч во ловиште „Сараево“, за кое не е спроведен јавен повик за издавање на концесија од страна на Владата на Република Северна Македонија, поради што е забранет  лов на секаков вид дивеч.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.С.(47) од с.Гошинце, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца“. На 14.11.2019 во с.Никуштак, општина Липково, пријавениот со товарно возило „мерцедес“ вршел превоз на 12 метри кубни огревни дрва, со испратници издадени од правно лице од с.Гошинце, за купувач во с.Арачиново, без да поседува лиценца за јавен превоз издадена од надлежен орган.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.В.(43) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори“ и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“. При претрес во домот на пријавениот, полициски службеници пронашле и одзеле семки од растението „канабис сатива“ и 12 куршуми од различен калибар.

На 05.02.2020 во 10.05 часот во продажен објект на ул.„Антон Попов“ во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.А(40) од Скопје, затоа што околу 09.30 часот во објектот извршил разбојничка кражба. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.02.2020 во СВР Битола, А.Т. од с.Новаци, П.Т. од с.Бач, општина Новаци и П.К. од с.Гермијан, општина Новаци, пријавиле дека биле измамени од С.К. од Битола. Според пријавеното, во 2018 и 2019 година пријавителите договориле откупна цена и му продале на С.К. сончоглед и јачмен, при што дел од договорената сума им исплатил веднаш, а дел не им ја исплатил, под изговор дека чека да му одобрат банкарски кредит, па ќе им го исплател заостанатиот долг. До моментот на пријавување тој не им го исплатил долгот и според пријавеното, на А.Т. му останал должен 323.000 денари, на П.Т. 164.417 денари и на П.К. му останал должен 141.840 денари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Полициски службеници од СВР Битола на 05.02.2020 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола. Притоа, било констатирано дека четворица  возачи разговарале на  мобилен телефон додека управувале возило, а еден возач не поседувал возачка дозвола. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 06.02.2020 во 01.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градска општа болница „Св.Наум Охридски“ со тешки телесни повреди бил донесен повреден Н.П.(28) од Скопје. Според пријавеното, тој се повредил во 00.30 часот додека извршувал работни задачи во фирма на ул.„516“ во Скопје, во која бил вработен. За настанот бил известен инспектор од Трудова инспекција. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2020 во Одделението за внатрешни работи Прилеп, Р.М.(32), Т.Г.(46), Г.Т.(41) и М.И.(57), сите од Прилеп, вработени како полициски службеници во ОВР Прилеп, пријавиле дека на социјалните мрежи биле злоупотребени нивни лични податоци, односно биле објавени фотографии без нивна согласност. Според пријавеното, на 04.02.2020 околу 21.00 часот на социјална мрежа на профилот означен како Б.И., без нивна согласност биле постирани нивни фотографии. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2020 во 02.10 часот во Одделението за внатрешни работи Прилеп, од Територијалната противпожарна единица Прилеп било пријавено дека настанал пожар во куќа на ул.,,Цане Коњарец“ во Прилеп, сопственост на Т.Т.(58), при што била опожарена кровната конструкција. Според пријавеното, А.Т., синот на сопственикот, се качил на таванот да го гасне пожарот, но притоа паднал и се повредил на левата нога. Тој бил пренесен во болницата во Прилеп за укажување лекарска помош. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Прилеп, а увид на местото извршила екипа од Полициската станица Прилеп.

На 05.02.2020 во 18.10 часот во СВР Скопје, Н.Н.(62) од с. Волково, скопско, пријавил дека на 04.02.2020, во периодот од 15.45 до 16.30 часот, во трговски центар на ул.„Кеј 13 Ноември“ бил физички нападнат од С.Н., вработен како обезбедување во трговскиот центар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2020 во 17.10 часот во СВР Скопје, А.Л.(37) од Скопје пријавил дека на 03.04.2020, околу 16.00 часот, во продажен објект на ул.„Максим Горки“ бил физички нападнат од М.Ш.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2020 околу 11.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред пекара на Зелен Пазар во Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу К.С.(45) и П.А.(36), двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2020 во 20.00 часот во Полициската станица Карпош, К.Г.(25) од Валандово пријавил дека на 04.02.2020 во 17.40 часот во спа центар на ул. „Орце Николов“ бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.02.2020 околу 12.30 часот во СВР Скопје, Р.А. од с.Арачиново, скопско, пријавил дека во с.Арачиново неговите внуци Ф.А.(25) и И.А.(21), двајцата од с.Арачиново, поради недоразбирање во сообраќајот, биле физички нападнати од Д.О.(48), Ф.О.(46) и В.О.(24), сите од с.Арачиново. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2020 во 23.00 часот во СВР Скопје, Б.И.(37) од с.Синѓелиќ, скопско, пријавил дека околу 16.30 часот пред продажен објект на ул.„Радован Ковачевиќ“, поради нерасчистени имотно-правни односи, физички бил нападнат од Џ.Х.(44) и Д.Х.(19), двајцата од с.Синѓелиќ, при што нему и на неговата сопруга им упатувале закани со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2020 во 21.00 часот во СВР Скопје, А.К. пријавила дека на бул.„8 Септември“, непознат сторител со тврд предмет го скршил задното лево стакло на нејзиното патничко возило „хјундаи туксон“, со скопски регистарски ознаки, но се уште не е пријавено дали нешто било одземено од возилото. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 05.02.202 околу 08.30 часот во СВР Охрид било пријавено дека на ул. „Марко Цепенков“ во Охрид, Б.Д.(83) од Охрид се лизнал и паднал, по што починал на местото. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено за обдукција.

На 06.02.2020 во 01.15 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Е.Б.(44) од Скопје пријавила дека на 05.02.2020 околу 17.00 часот од семејниот дом се оддлачила нејзината ќерка Ф.Е.(12). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 05.02.2020 во 08.12 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на бул.„8 Септември“ непознат сторител со употреба на сила влегол внатре и одзел еден метален сеф во кој имало пари и печати. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2020 во 20.40 часот во Полициската станица Центар, Р.П.(47) од Р.Словенија, со привремено престојувалиште на ул.„Славејко Арсов“ во Скопје, пријавил дека во периодот од 18.00 до 20.00 часот на ул.„1732“ непознат сторител со тврд предмет го скршил задното десно стакло на неговото возило „шкода кодиак“, со скопски регистарски ознаки, и му одзел ранец, паричник со пари и банкарски картички, таблет и други предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.02.2020 во 21.09 часот во СВР Скопје, диспечерка во такси компанија од Скопје пријавила дека возачот С.К.(23) од Скопје барал помош, а се наоѓал во с.Батинци. Полициски службеници пристигнале на местото и било констатирано дека С.К. во 20.40 часот од такси станица спроти „Холидеј ин“ качил едно лице, кое, откако пристигнале на локацијата, со закана со нож и со употреба на физичка сила му ги одзел паричникот и дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет